Врз основа на член 9-а став 1 од Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ број 31/01, 42/03, 40/04, 70/06, 126/06, 88/08, 133/09, 171/10, 6/12, 79/13, 188/13, 115/14, 129/15, 154/15, 23/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе:

# О Д Л У К А
# ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕГРИРАН АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛИТЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

(НЕОФИЦИЈАЛЕН ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

(„Службен весник на Република Македонија“ бр.16/15, 208/15, 202/16, 81/17, 193/17, 121/18 и 229/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 127/19)

Член 1

Со оваа одлука се ослободуваат вршителите на авто-такси превоз на патници од обврската за користење на интегриран автоматски систем за управување.

Член 2

Ослободувањето од членот 1 на оваа одлука ќе трае од 1 февруари 2015 година до 31 декември 2019 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4597/1
18 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.